Никола ПЕТРОВ

# ВИСОКОШКОЛСКИТЕ ИНСТИТУЦИИ ПРЕД НОВ ТРАНСФОРМАЦИОНО - ИНОВАЦИОНЕН ПРЕДИЗВИК

Во современи услови на делување и сообразување, во новосоздадените услови, образованието, науката и технолошкиот развој претставуваат моторна сила за движечките процеси по нагорната линија на развитокот на општеството, образованието, науката, културата, информатиката, технологијата, оспособувањето и усовршувањето на кадровскиот фактор како креатор на научната и општествената стварност и активност. [1]

Изнесеното потврдува дека процесот на иновирањето и трансформирањето на Универзитетот и високошколските студии е во согласност со тенденциите на системот на воспитанието и образованието во современото европско и светско окружување и делување.

Сведоци сме на многубројни дискусии, полемики, искажувања, дека универзитетите и високошколските иституции, се наоѓаат во процес на трансформирање и излегување од рамките на стариот модел и модифицирање на потребите.и функционирањето на нов модел на универзитет и високошколски институции што ќе ги задоволат научните и општествените потреби и истите ќе се вклопат во новите информациски услови и врз таа основа ќе се вклучат во интеракциските делувања со животните и другите пропратни репродуктивни системи.

Расправите кои се водат на повеќе нивоа и на различни структури во рамките на Република Македонија создаваат услови за остварување на процесите на преобразба на Универзитетот и високошколските институции во научно-истражувачките и образовните установи, способни за акумулација и презентација на нови знаења, наставни содржини и технологија и кадри, способни за решавање на сложените животни проблеми, во новите демократско-плурални процеси и односи на секојдневно живеење и делување. [2]

---

1) Pikering, Dj., Izazov obrazovanju, Narodni univerzitet "Braća Stamenković" Beograd, 1971.

2) Проекција за развитокот, иновирањето и трансформирањето на системот на воспитанието и образованието во Република Македонија, "Просветно дело", Скопје, 1994.

Презентираното претпоставува создавање платформа за реализација на:

1) Деблокада на стопанството од моќта на моќните фактори, политиката и другите фактори;

2) Преобразба и оживотворување на општествено-демократските процеси и односи; и

3) Создавање услови за акцелеративен развој на науката, технологијата, информатиката, културата и образованието, како нови материјални расурси за реализација на целите и задачите на секојдневното опстојување, посебно на науката и образованието како значајни сфери на социјално-практичните односи.

Меѓутоа, во досегашните наши наставно-научни опсервации, иако во повеќе наврати сме имале одредени реформски зафати на Универзитетот, сепак, тие биле нецелосни и парцијални. Оттука, се иницира потребата од целосен и комплексен ангажман на сите субјекти од науката и образованието, политиката за комплетно и целосно реформирање и трансформирање на Универзитетот, врз новите демократско-плурални процеси и односи, како во поглед на организационата поставеност, така и во програмско-содржинската и курикуларна проекција, кадровската развиеност и екипираност и решавање на материјално-финансиската база за проширена репродукција, во нејзината комплексна и целосна дејност и активност, односно, за изградба на модел - концепт на современ, модерен, актуелен, флексибилен и апликативен Универзитет, во кој ќе се развива автономијата, но со почитување на принципите и барањата што ги наметнува науката, образованието, практиката, меѓународните декларации, конвенции и повелби и нивна сообразеност со нашите практично-социјални процеси и услови на едуцирање.

Во реализацијата на овој модерен и флексибилен концепт, нашите заложби се за доследна примена на перманентното образование и перманентното учење на прагот на XXI век, односно да се отвори процесот за создавање услови и можности за трансформирање на Универзитетот, во современ производител на нови знаења, нова технологија, нови интелектуални и човечки вредности и нивно кадровско оспособување, кои ќе можат да се носат со промените и потребите, и да го носат товарот на сложените животни (образовни-научни и апликативно-наставни ситуации на теренот), создавање на стопанство со модерна производствена технологија, обезбедување енергија, зачувување на социо-еколошките услови за здрава средина со природни богатства и воопшто благосостојба на живеење и делување, за ново остварување и визионирање.

Решавањето на вака сложените и деликатни прашања бара комплексно и целосно ангажирање на наставните, научните истражувачките и другите кадри од стопанството, образованието на општествените дејности, што ќе го следат овој тренд и истите ќе бидат негови носители и креатори кон перманентен стремеж, за поубаво

секојдневно живеење и делување во средината на реализацијата и апликацијата на овие услови, за поквалитетен живот во неговиот тоталитет, со сите негови придружни сегменти и димензии.

Во таа смисла, Универзитетот и високошколските институции, како научни институции, треба национално и интернационално да се интегрираат во изработката на заеднички научно-истражувачки проекти, со посредство на информациската инфраструктура, што отвора широки видици за заемно делување, а што ќе биде од секојдневна и практична корист за науката, а и за поквалитетно живеење и соработување. [3]

Во таа насока, нашите интенции се за доградба на одделни законски и нормативно-правни регулирања на одредени процеси, што ќе отвораат нови простори за заемна и успешна соработка, што ќе води кон европеизација и интернационализација на научните дофати, цели и содржини, што се од општи и заеднички интерес, притоа, почитувајќи ги и националните особености и социо-економските и едукативните обележја на одделни социо-региони, што говори дека покрај општоста, треба да се почитуваат и посебностите и поединечностите во развитокот на секое конкретно општество, според неговите конкретни и специфични услови на секојдневното живеење, опстојување и комуницирање. Само така, светот треба да го гледаме и сфаќаме како "поле за културна соработка меѓу народите", како што вели истакнатиот македонски револуционер и идеолог Гоце Делчев.

Во таа насока се наложува потребата од создавање и обезбедување сигурна материјална основа и инвестирање на информациската инфраструктура како база на современото истражување и образование. Тоа пак, од друга страна, ќе рече, дека секоја социо-регија да создава услови и можности за "инпут" и "аутпут" во едукативната сфера, односно вложените инфраструктурни инвестиции да имаат и соодветна инфраструктурна излезна насоченост во кадровската репродукција на соодветни профили, што успешно ќе се носат со современите европски и светски развојни трендови во унапредувањето на образованието, науката, технологијата, информатиката, биотехнологијата, молекуларната физика и другите иновативни реформски зафати во едукативната и научната сфера. [4]

Од изнесеното може да се согледа и констатира дека Универзитетот и високошколските институции секојдневно прават, иницираат и извршуваат повеќе прашања и задачи што се од нивни домен и интерес, а во конкретниов случај го актуелизираат прашањето на трансформирањето, моделирањето и интернационализирањето, информатизацијата, компатибилноста, меѓународната компетентност на многу наши знаења, производи, технологии и слично. Тоа пак, укажува дека во натамошното делување треба да се има визија за сакани промени кои ќе се одвиваат по фази и етапно на прагот на XXI-от век. [5]

---

3) Mladenović, d-r. N., Univerzitet i reforma, "Svjetlost", Sarajevo, 1977.

4) Putevi obrazovanja - strana iskustva, Beograd, 1991

5) Pečujlić, d-r. M., Univerzitet budućnosti, "Politika" Beograd, 1980.

Изнесените сознанија за Универзитетот и високошколските институции го актуелизираат и прашањето за автономија на Универзитетот во сегашни услови на делување.

Автономијата на Универзитетот не треба да се сфати како номинално механички поим и приврзок, туку како слобода на Универзитетот и високошколските институции во истражувањето, профилирањето, моделирањето, планирањето на кадрите, во задоволување на кадровските потреби за различни дејности, што подразбира научни, етички, образовни, еколошки и воспитни аспекти на научно-истражувачката практика, високо изразените културни дејности, на темелот на науката и образовната дејност. [6]

Во тој контекст, автономијата подразбира и политичка и идеолошка независност на научно-истражувачката дејност, финансиска автономија која подразбира Универзитетот и високошколските институции сами да одлучуваат за прераспределба на финансиско-материјалните средства со кои располагаат, без оглед на тоа дали тие средства доаѓаат од државата, од стопанството, од самофинансирањето, од други донатори или пак од други интернационални кооперанти.

Во таа смисла, треба да се истакне дека Универзитетот и високошколските институции имаат и своја организациска автономија што ги опфаќа правата на Универзитетот и високошколските институции да поставуваат и развиваат сопствена организациска структура.

Односите на факултетите, академиите, факултетските институции, институтите, високите школи и другите научни институции, треба да имаат изградени темелно поставени компетенции, мерила и критериуми во профилирањето и оспособувањето на кадрите, според потребите на образованието, науката, културата и стопанството.

Покрај наведените аспекти, во рамките на автономијата на Универзитетот и високошколските институции, значаен чинител претставува и кадровската автономија, која е сврзана со научните критериуми и ослободена од сите идеолошки и политички притисоци. Поконкретно, кадровската автономија е право, должност и обврска во изборот и унапредувањето на кадрите на разновидните наставно-научни звања, нивното унапредување како и осовременување и оспособување на нови млади наставно-научни кадри, а и стремеж за перманентна проширена кадровска репродукција и грижа за создавање научен подмаладок.

Кога зборуваме за трансформирањето, иновирањето и реформирањето на Универзитетот и високошколските институции, не помалку е значајно и прашањето за односот на Универзитетот и високошколските институции со државата и стопанството. [7]

Универзитетот и високошколските институции, со својот делокруг на дејности, традиции, внатрешна организација, односот меѓу

6) Marković, d-r. D., Socijalna ekologija, Zavod za užbenike i nastavna sredstva, Beograd, 1986.
7) Marinković, d-r. J., Ogledi iz filozofije odgoja, "Školske novine", Zagreb, 1987.

истражувачите, наставниците и студентите, претставува значајна самостојна институција, отворена кон сите интересенти, партиципиенти, респоденти и социјални институции и системи.

Тоа има значајна улога. Секако, дека односот кон државата и стопанството, во тој поглед, е од особено значење. Од наброените елементи на автономијата на Универзитетот и високошколските институции е евидентно за кои прашања државата и стопанството би имале посебни влијанија врз автономното живеење на Универзитетот и високошколските институции.

Универзитетот и високошколските институции во делокругот на својата дејност треба да бидат во функција да партиципираат во проценката, поставувањето, утврдувањето и профилирањето на кадрите, во донесувањето одлуки значајни за реализација на нивната општествена, научна и образовна функција.

За сите други прашања, кога се говори за заеднички проекти, за нивното институирање, финансирање, спроведување и аплицирање, треба да има јасни договорни и законски рамки.

Од државата и од стопанството посебно се очекува покрај делувањето на пазарните законитости и мерила, инструментариумот на економскиот систем и економската политика да ги мотивираат стопанските субјекти за помобилна и сеопфатна образовна партиципација, како и вложување во науката и образованието.

Државата и стопанските субјекти се заинтересирани за примена на научно-техничките и технолошките иновациони трендови, за што и прават порачки за истражување и изработка на соодветни проекти. За примена на научните сознанија во практиката, во стопанството, во државата, но државата и стопанските субјекти не треба неоправдано да интервенираат во научно-истражувачката дејност, со оглед на меродавноста и компетентноста на наставно-научните и високообразовни институции, бидејќи научно-наставниот и кадровскиот потенцијал во сферата на науката, е претежно лоциран на Универзитетот и високошколските институции.

Во тие насоки, повеќе внимание и интерес треба да им се посвети и допушти на научните и наставните институции во подготовка и оспособување на научно-истражувачкиот кадровскиот потенцијал.

Автономијата на Универзитетот и високошколските институции, претежно својата дејност ја лоцираат на полето на научната, научно-истражувачката, наставната и апликативната дејност. Во таа смисла, во нив постојат и научно-истражувачки центри, одделенија, институти, катедри, трибини и сл. Во одделни високошколски и универзитетски институции, се присутни во практиката и посебни научно-истражувачки институти од повеќето сфери на дејности.

Современото иновативно-информатичко општество, ја иницира потребата од профилирање на стручни профили, кои умеат да продуцираат нови знаења, кои знаат знаењата технички да ги

трансформираат и кои знаат и умеат да ги создаваат и произведуваат научно-техничките иновации.[8]

Според тоа, образованието не е само голо освојување на знаењата за однапред познати потреби, туку и превентивно, воведување во иновативно-научната и професионалната дејност.

Презентираното говори дека при структуирањето на студиските планови и програми треба постапно да се напушта практиката во утврдувањето на видот и обемот на знаењата, на разновидните сознанија што на студентите им се неопходни во совладувањето на одредени сознанија, туку треба да се структуираат соодветни студентски наставно-научни планови и програми со кои студентите ќе можат да се оспособуваат за самообразование, самоучење, за стекнување нови знаења. Образованието не е само процес на стекнување, туку увежбување на истражувачката и апликативната дејност и практика.

Тоа потврдува дека наставно-научната дејност со студентите не е цел само за запознавање со резултатите на новите истражувања, туку и да ги оспособи за самостојно сознавање, произведување на знаењата, не само механичко меморирање, туку и стекнување активни знаења и активно учење со примена на современи методи и техники на интелектуална работа и учење. Односно, студентот да ја научи техниката и технологијата на учење, самоучење и спечалување на знаењата со труд, напор и перманентност во едукативната дејност во практиката.

Современата информациска технологија сè повеќе навлегува во секојдневието на делувањето на Универзитетот и високошколските институции и истата претставува сакана основа за трансформација на Универзитетот и високошколските институции.[9]

Тоа пак говори и за потребите од постепено воведување на информациската инфраструктура и микросметачката техника во истражувањето, образованието и наставата, како и во структуирање на нејзините организационо - технички и технолошки базични постулати во процесот на едукацијата.

Високошколските институции во услови на трансформација и сложено-динамички услови на живеење и делување, во сегашниов иновационо-дисеминационен професионален и општествен тренд, со сиот свој комплексен постулат постануваат место на факултетско-институтско, односно универзитетска работилница и лабораторија во која се истражува, експериментира, се вршат научно-евалуциони и валидациони проучувања на теоретските дострели и нивната апликативна примена во секојдневната практична стварност и активност преку предавања, вежби, семинарски и теренски вежби, хоспитации и стажирања, изработка на семинарски трудови и слично, стануваат институции кои сè повеќе го привлекуваат вниманието на интересентите

8) Marković, d-r. M. Prilaz kibernetici, Savremena administracija, Beograd, 1972.
9) Pilić, d-r. V. - Pejić, m-r L., Kibernetika, kompjuteri, obrazovanje, Ekonomsko biro, Beograd, 1975.

и партиципиентите, а и на другите заинтересирани кои го сфаќаат образованието како перманентно и доживотно образование, учење и студирање.

Сето тоа потврдува дека високошколските институции постепено се ослободуваат и го напуштаат традиционализмот и вербализмот, третирајќи ги студентите како субјекти и партнери и притоа користејќи современи постапки, средства, образовна технологија што овозможува доаѓање до израз на креативно-критичкото и мобилизационо-творечко учење, студирање и образование.

Изнесените сознанија потврдуваат дека академските (идни) граѓани-студенти треба постојано да се наоѓаат во улога и функција на непосредни истражувачи и проучувачи, умешно да се служат со методите и техниките на студирање, научно-истражувачката и апликативната дејност. Тоа значи успешна подготовка по завршување на студиите да се вклучат во непосредната практика и творештвото.

Информациската инфраструктура овозможува слободна дислокација на научно-истражувачките тимови и постигнување иновативни ефекти во истражувањето.

Покрај тоа, информациската мрежа овозможува и поврзување на истражувачките тимови во рамките на Универзитетот, потоа од стопанството, како и на сите други тимови. Така истражувањата за кусо време постануваат заеднички, единствени и компетативни.

Во наставниот процес студентите се насочуваат во методите на истражувањето, методите на раководењето со информациската технологија. Информатиката претставува нов тип на мултимедиска писменост. Таа писменост овозможува реален пристап во целокупното светско знаење, како и нова форма на истражувачка модулација во стекнувањето знаења.

Автономијата на Универзитетот подразбира и научно-истражувачка култура во секојдневното делување и однесување на научно-истражувачките и наставничките кадри на Универзитетот и високошколските институции.

Како и сите други дејности и науката во своето постоење се развила и делувала во рамките на својата сопствена култура кон светот, како и по својата внатрешна институционална и организациска култура. Во секој иновативен и реформски зафат, во делувањето на научните институции, треба да се почитуваат специфичностите на културата, како и да се потпираат врз неа, како најдобар пат на научното напредување.

Истражувачките тимови настојуваат со одредени научни проблеми да се занимаваат одредени личности и институции кои поседуваат теоретско-апликативна методолошка култура. Универзитетот и високошколските институции, во таа насока, треба да ја имаат предвид

научно-истражувачката дејност. Понатаму, низ процесот на наставата своите сознанија умешно да ги пренесуваат на своите партиципиенти и консументи, во наставата и образовната дејнсот за да можат истите успешно да се вклучат во непосредната практика.

Во тој контекст, посебно високошколските институции и Универзитетот, треба да водат сметка за оспособување на научен подмладок што умешно ќе ја усвои научната методологија, постапките, техниките и инструментите и кој умешно и успешно квалификувано ќе може да се вклучи и носи со потребите и барањата на научно-истражувачките кадри. Во рамките на овие институции посебно кај научниот подмладок, треба да се воспитуваат морално цврсти наставно-научни и истражувачки кадри кои ќе можат изворно, аргументирано, аналитичко-синтетички и критички ќе се однесуваат во научните сознанија и кои успешно ќе ги презентираат своите истражувања најобјективно, валидно и адекватно на постигнатите резултати во научно-истражувачката дејност. Тоа значи кај научниот подмладок да се воспитува културата на активно и творечко методолошко осознавање на стварноста и вистинитоста, а и тие да осознаат дека нема прав пат во науката, дека треба да се движат по серпентините на кривата дијагонална нагорна линија на развивање и усовршување и дека деноноќно да се фаќаат во костец со проблемите што бараат теоретска објективизација и дидактичко-методичка апликација во едукативната сфера за успешно пренесување и доставување на овој комплет на методолошка фактографија на пошироката научна јавност, со публикување, а со цел за адекватна валидација и валоризација од потесната научна област и од поширока научна и општествена стварност. [10]

Универзитетот и високошколските институции треба да имаат автономија и во креирањето на своите меѓународни врски и односи. Тие треба да бидат постојани, перманентни, а посебно во сегашни услови на информациската технологија, на заемно поврзување во истражувањата на разновидни проекти, како и размена на наставници и соработници. [11]

Во таа насока, универзитетите и високошколските институции треба интензивно да се вклучат во меѓународната информациска мрежа, во интернационалните истражувачки проекти. Само така ќе се подигне

---

10 Budućnost i obrazovanje, IGRO, "Nova prosveta", Beograd, 1988.

11 Во тој контекст Универзитетот како високошколска наставно-научна, истражувачка и едукативна институција има за цел: профилирање адекватни кадри за потребите на стопанството и нестопанските дејности; трансфер на знаењата и искуствата од академските лаборатории во индустриската лабораторија на производните организации; перманентен трансфер на знаењата, умеењата, иновациите, технологијата; редовно информирање со иновационо-технолошките промени и пронаоѓања во патенти, лиценци и нови технолошки изуми во меѓународната поделба на трудот; и сл. (Поопстојно за ова види: Др. Милорад Младеновић, Универзитет и реформа-искуства у раду на реформи универзитета у неким земљама "Свјетлост" Сарајево, 1977 стр. 13-18).

дигнитетот на Универзитетот и на високошколските институции и на научно-истражувачката дејност во нејзиниот тоталитет. [12]

Со тоа се постигнуваат и адекватни ефекти а Универзитетот и високошколските институции постануваат компатибилни на европските и развиените светски универзитети.

Современиот, модерниот, отворениот универзитет и високошколските институции, треба да ги имаат во предвид студентите како интересенти, партиципиенти и субјекти, од една страна, како и наставниците и соработниците како субјекти, од друга страна. Односно, треба да постои интерперсонална соработка и отвореност на студентите кон резултатите и постигнувањата од научно-истражувачката, наставната и апликативната дејност. [13]

Сето тоа потврдува дека студентите се рамноправни партнери-субјекти во наставната, вежбовната, апликативната и научната дејност, за што се потребни одредени материјални, финансиски, просторни, техничко-технолошки услови на партиципиентите за нивно ефектно, едукативно оспособување за изведување на професијата, дејноста, како и за научно истражување и применување во практиката.

Изнесените сознанија и аспекти потврдуваат дека Универзитетот и високошколските институции претставуваат значаен ресурс во државата, науката, стопанството, производството, образованието, културата и во општеството во целина.

Поаѓајќи од досега реченото, може да се каже дека, за успешниот инпут на студентите во научно-истражувачката дејност, треба да се овозможува адекватна валоризација и третман на постигнувањата на оваа витална дејност на Универзитетот и високошколските институции, а за валидација со строго наменска научна валоризација треба да следи и адекватна валоризација и наградување на резултатите според вложениот труд, а паралелно со тоа давање и одредено признание на научната верификација, бидејќи оваа интензивна научна дејност ја афирмира државата и во поширокиот круг на семејството во рамките на државите во европски и светски релации. [14]

---

12 Bergant d-r. M., Nove teme pedagoške sociologije in sociologije reforme šolaje, Znanstveni institut Filozofske fakultete, Lubljana 1994.

13 Во прилог на изнесеното на професионално-педагошки план последниве години во Република Македонија се изработени два студиски проекти и тоа: Проекција за развитокот, иновирањето и трансформирањето на системот на воспитанието и образованието во Република Македонија "Просветно дело", Скопје, 1994 год., и Елаборатот: Едукација на воспитувачи и одделенски наставници, Универзитет "Св. Кирил и Методиј" - Скопје, 1995 година, кои ги елаборираат, операционализираат и конкретизираат развојно-иновационите трендови во сферата на едукацијата кај нас.

14 Во рамките на овие настојувања, покрај странските искуства, треба особено да се почитуваат домашните услови и прилики. Во тој контекст во студијата: Путеви образовања, Београд, 1991 год., се укажува на современата организација на наставата и образованието (стр. 21-25); за

Nikola PETROV

## THE UNIVERSITY AND THE CHALLENGE OF ANOTHER TRANSFORMATION AND INNOVATION

(Summary)

This article presents the essential and fundamental questions posed before our universities at the time when they stand before another major transformation and innovation. The latter changes are part of the process of permanent reforms and transformation of the university, occurring as a result of the new democratic and pluralistic processes in our educational system, all with the purpose that it could keep pace with the more developed schools of the same type in the rest of the world.

The university is permanently engaged in activities connected with its transformation and reform, which help it climb up the dialectical scale of development.

Our objective is an open, democratic, modern, flexible and productive university, which would arouse and hold the interest of both the students and the teachers for a continuous study at the threshold of the 21st century.

---

односот меѓу теоријата и практиката стр 53-57; за хоризонталната и вертикалната поврзаност меѓу средното и високото образование (стр. 84-94); за технологијата на високото образование (стр. 101-109); за проблемите на високошколското образование, невработеноста и вработувањето (стр. 112-122); за реформските зафати на високошколското образование-некои искуства од Јапонија (стр. 141-157) и слично. Поопстојно види во споменатава студија.

Перспективите на образованието, поопстојно се елаборирани во студијата "Образованието за XXI-от век", особено во четвртото поглавје "Светските образовни перспективи", стр. 121-194, како и во петтото поглавје "Ренесансата и експанзијата во технолошкиот свет" во студијата на D-r Antonio Herera i D-r Petar Mandić, Obrazovanje za XXI stoljeće, "Svjetlost", Sarajevo, 1989 god., како и во други студии.